Бр: 10-82
Скопје: 30.09.2020

Врз основа на член 10, 13 и 15 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), како и врз основа на член 2 и член 3 од Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 142/11), а постапувајќи по доставеното известување од страна на Министерството за труд и социјална политика за промена на постојната државна помош заради изменување и дополнување на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2020 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 30.09.2020 година го донесе следното

# РЕШЕНИЕ

1. Извршените измени и дополнувања на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2020 година во однос на зголемување на финансиските средства и бројот на корисници кај дел од мерките и програмите кои се составен дел од септемврискиот ревидиран Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2020 година, како што се:

   - Мерката **1. Поддршка за самовработување (претприемништво) од Програми и мерки за вработување,** која со основниот Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2020 година изнесуваше 446.910.588 денари се зголемува со септемврискиот ревидиран Оперативен план на вкупен износ од 653.950.711 денари, а воедно се зголемува и опфатот на лицата од 1364 лица на 1490 невработени лица

   **претставува промена на постојната шема на помош заради зголемување над 20% на буџетот на постојната шема на помош** согласно член 3 од Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош и таквата финансиска поддршка кои правните субјекти основани преку Програмата за самовработување ќе ја добиваат со нивно вклучување во мерката 2.1. Субвенционирање на плати претставува државна помош согласно член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош чие доделување **е дозволено** согласно член 15 став (3) од Законот за контрола на државната помош **под услов** таквата помош да се доделува согласно глава IV од Уредбата за условите и постапката за доделување хоризонтална помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 03/14).

- Мерката **2.1 Субвенционирање на плати од Програмата: Поддршка за креирање нови работни места**, која со основниот Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2020 година изнесуваше 270.408.000 денари, со септемврискиот ревидиран Оперативен план за 2020 година е зголемена на вкупен износ од 451.952.260 денари, зголемувајќи го при тоа и опфатот на лицата од 1186 на 1974 невработени лица

**претставува промена на постојната шема на помош заради зголемување над 20% на буџетот на постојната шема на помош** согласно член 3 од Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош и доделувањето на истата согласно член 15 став (3) од Законот за државна помош **е дозволено под услов** да се доделува согласно глава IV од Уредбата за условите и постапката за доделување хоризонтална помош.

- Мерката **2.2 Вработување и раст на правни субјекти од Програмата: Поддршка за креирање нови работни места,** која со основниот Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2020 година изнесуваше 61.062.500 денери, со септемврискиот ревидиран Оперативен план за 2020 година е зголемена на вкупен износ од 72.740.500 денери, зголемувајќи го при тоа и опфатот на лицата од 394 на 552 невработени лица

**не претставува промена на постојната шема на помош заради зголемување под 20% на буџетот на постојната шема на помош.**

2. Воведувањето нови мерки во септемврискиот ревидиран Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2020 година, како што се:

- Мерката **1.А Поддршка за самовработување (претприемништво) и формализација на постојни бизниси во услови на „Ковид -19” од Програми и мерки за вработување,** со која се планира доделување на средства во вкупен износ од 161.630.000 денари, при што 155.250.000 денари од Министерството за финансии кон Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (АВРСМ) во рамки на IPA и 6.380.000 денари од Министерството за финансии кон Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија (АППРСМ) во рамки на ИПА-Акција ,,ЕУ за социјална и економска отпорност” од IPA Акциската програма 2020 година, сектор Конкурентност, иновации, земјоделство и рурален развој, наменета за вработување на 500 лица во ново-основани правни субјекти или формализирани бизниси, за целта поддршка на невработените да започнат сопствен бизнис или да го формализират својот бизнис, а се соочиле со невработеност поради корона вирусот, при што висината на финансиска поддршка ќе изнесува до 307.500 денари или до 615.000 денари (доколку се основа правен субјект од два содружника) за создавање/креирање работно место (самовработување преку исплата на плата, адаптација или за набавка на опрема/материјали за потребите на дејноста) согласно изготвениот план, **не претставува државна помош** во смисла на член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош заради

фактот што истата нема односно не може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата.

- Мерката **2.2А Вработување и раст на правни субјекти кои создаваат нови работни места во услови на „Ковид-19" од Програмата: Поддршка за креирање нови работни места,** со која се планира доделување на средства во вкупен износ од 156.000.000 денари од Министерството за финансии кон АВРСМ во рамки на IPA Акција ,,ЕУ за социјална и економска отпорност" од ИПА Акциската програма за 2020 година, сектор Конкурентност, иновации, земјоделство и рурален развој (износ на грант и регистрација на фирма), наменате за вработување на 600 невработени лица евидентирани во АВРСМ, со предност на оние кои ги загубиле своите работни места по појавување на пандемијата ,,Ковид-19" (од март 2020), за целта поддршка во креирање на нови работни места во микро, мали и средни претпријатија погодени од ,,Ковид -19" во висина од 260.000 денари до 1.302.000 денари во зависност од бројот на нови вработувања (од 1 до 5 нови вработувања) претставува **помош од мало значење (de minimis)** во смисла на член 4 став (1) од 4) од Законот за контрола на државната помош и член 4 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) и истата **не е државна помош** согласно член 9 став (1) од Законот за контрола на државната помош, при што доделувањето на помошта од мало значење (de minimis) треба да се врши во согласност со Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 141/11).

**Се задолжува** Министерството за труд и социјална политика во имплементирањето на овие мерки да води сметка истиот корисник на државна помош за иста намена/мерка да не добива државна помош од две различни извори односно освен за горенаведените мерки да не користи средства и од сличните мерки од креираниот пакет на економските антикризни мерки на Владата на Република Северна Македонија за поддршка на економијата во услови на ,,Ковид-19".

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 10 од Законот за контрола на државната помош (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата (во натамошниот текст: КЗК) е надлежна за оцена и надзор на секој облик на поддршка односно дали истата претставува или не претставува државна помош во смисла на Законот за контрола на државната помош (во натамошниот текст: Закон).

Секој давател на државната помош (дефиниран во член 6 став (1) од Законот) е должен, според член 13 став (1) од Законот, до КЗК да достави известување за секој план за доделување на нова или промена на постојната државна помош, без оглед дали истата се доделува како индивидуална помош или како шема на помош.

Во врска со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2020 година (во натамошниот текст: Оперативен план 2020 година), КЗК донесе Решение бр. 10-2 од 22.01.2020 година.

Во септември 2020 година е усвоен ревидиран Оперативен план 2020 година за кој КЗК со електронска порака беше информирана од страна на Министерството за труд и социјална политика на 16.09.2020 година. По разгледаниот ревидиран Оперативен план 2020 година се увиде дека измените и дополнувањата на основниот Оперативен план 2020 година кај одредени мерки и програми се во насока на зголемување на финансиските средства повеќе од 20% согласно член 3 од Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош, како и тоа дека со ревидираниот Оперативен план 2020 година се воведуваат и две нови мерки кои не биле дел од основниот Оперативен план за 2020 година и се креирани како резултат на економските последици на Ковид – 19.

Поради горенаведеното Министерството за труд и социјална политика со допис бр. 08-5540/1 од 17.09.2020 (Наш бр. 10-82 од 18.09.2020 година) достави известување за таквата промена на постојната државна помош на образец за поедноставно известување даден во Прилог 2 од горенаведената Уредба. Исто така Министерството за труд и социјална политика го достави и ревидираниот септемвриски Оперативен план за 2020 година.

Разгледувајќи го ревидираниот септемвриски Оперативен план за 2020 година и споредувајќи го истиот со основниот Оперативен план за 2020 година за кој КЗК има донесено решение бр. 10-2 од 22.01.2020 година, КЗК оцени дека со таквите измени и дополнувања кај некои програми и мерки има значително зголемување на финансиските средства и бројот на корисниците, што според КЗК претставува промена на постојната шема на помош бидејќи подразбира исполнување на условите предвидени во член 3 од Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош, односно исполнување на условот **зголемување над 20% на буџетот на постојната шема на помош, чие доделување е претходно дозволено од страна на КЗК** (член 3 став (3) од горенаведената Уредба). Исто така разгледувајќи го ревидираниот септемвриски Оперативен план за 2020 година КЗК оцени дека кај одредени мерки споредено со основниот Оперативен план за 2020 година нема зголемување на средствата за реализација на истите односно кај една мерка има зголемување на буџетот на постојната шема на помош во износ помал од 20%, што тоа подразбира дека таквото зголемување не потпаѓа под условите предвидени во член 3 став (3) од Уредбата за условите и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош, односно дека таквиот зголемен износ на средства не претставува промена на постојна помош.

Кај програмата **Програми и мерки за вработување, мерката Поддршка за самовработување (претприемништво)**, со септемврискиот ревидиран Оперативен план за 2020 година има зголемување на бројот на корисници за 126 лица т.е. бројот на корисници е зголемен на 1490 лица споредено со 1364 лица предвидени со основниот Оперативен план за 2020 година за кој КЗК донесе Решение бр. 10-2 од 22.01.2020 година. Исто така, износот на финансиските средства во септемврискиот ревидиран Оперативен план за 2020 година е зголемен за 207.040.249 денари (3.366.508 евра) повеќе споредено со основниот Оперативен план за 2020 година. Имено, вкупниот износ на средствата во основниот Оперативен план за 2020 година изнесуваше 446.910.588 денари, а во ревидираниот септемвриски Оперативен план за 2020 година овој износ е

653.950.711 денари. Од ваквите измени и дополнувања направени во оваа мерка со септемврискиот ревидиран Оперативен план за 2020 година зголемувањето на финансиските средства споредбено со основниот Оперативен план за 2020 година изнесува 46.3%. Заради горенаведеното, КЗК одлучи дека зголемувањето на финансиските средства кај оваа мерка во септемврискиот Оперативен план за 2020 година претставува промена на постојната шема на помош бидејќи е исполнет условот предвиден во член 3 став (3) од Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош за зголемување над 20% од буџетот на постојната шема на помош, чие доделување е претходно дозволено од страна на КЗК.

Корисниците кои ќе бидат поддржани преку оваа програма и ќе успеат да регистрират правен субјект и се самовработат, средствата за поддршка ќе ги добијат со нивно вклучување во мерката 2.1 (Субвенционирање на плати). Со решението на КЗК 10-2 од 22.01.2020 година е оценето дека ваквата поддршка претставува државна помош односно хоризонтална помош чие доделување е дозволено согласно член 30 од Уредбата за условите и постапката за доделување хоризонтална помош под услов таквите финансиски средства да се доделуваат согласно глава IV од горенаведената уредба. Аналогно на оваа мерка и зголемувањето на финансиските средства предвидени за оваа мерка во септемврискиот ревидиран Оперативен план за 2020 година кои ќе се доделуваат за вклучување во мерката 2.1. - Субвенционирање на плати претставува државна помош т.е. хоризонтална помош која се доделува за вработување во смисла на член 4 став (1) точка 14) од Законот и истата е помош за вработување на лица кои активно бараат работа во форма на субвенции на плата согласно член 30 од Уредбата за условите и постапката за доделување хоризонтална помош („Службен весник на Република Македонија,, бр. 03/14), при што доделувањето на истата е дозволено ако се врши согласно глава IV од горенаведената уредба.

КЗК во постапката за оцена на оваа државна помош, ја оцени и дозволеноста односно недозволеноста на доделувањето на помошта, во смисла на член 15 од горанаведениот закон, при што оцени дека таквата доделена помош **е дозволена** бидејќи има за цел поддршка за вработување на невработени лица кои активно бараат работа во форма на субвенции на плата согласно член 30 од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош, под услов истата да се доделува согласно глава IV од горенаведената уредба.

Кај програмата **Поддршка за креирање нови работни места, мерката 2.1. Субвенционирање на плати** со септемврискиот Оперативен план за 2020 година има зголемување на бројот на корисници за 788 лица т.е. бројот на корисници е зголемен на 1974 лица споредено со 1186 лица предвидени со основниот Оперативен план за 2020 година за кој КЗК донесе решение бр. 10-2- од 22.01.2020 година. Исто така, износот на финансиските средства во септемврискиот ревидиран Оперативен план за 2020 година е зголемен за 181.544.260 денари (2.951.939 евра) споредено со основниот Оперативен план за 2020 година. Имено, износот на финансиски средства во основниот Оперативен план за 2020 година изнесувал 270.408.000 денари додека со септемврискиот ревидиран Оперативен план за 2020 година вкупниот износ е 451.952.260 денари. Од ваквите измени и дополнувања направени во оваа мерка со септемврискиот Оперативен план за 2020 година зголемувањето на финансиските средства споредено со основниот Оперативен план за 2020 година изнесува 67.1%. Заради горенаведеното КЗК оцени дека зголемувањето на финансиските средства кај оваа мерка во септемврискиот Оперативен план за 2020 година подразбира промена на постојната шема на помош бидејќи е

исполнет условот предвиден во член 3 став (3) од Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош за зголемување над 20% од буџетот на постојната шема на помош, чие доделување е претходно дозволено од страна на КЗК.

КЗК во постапката за оцена на оваа државна помош, ја оцени и дозволеноста односно недозволеноста на доделувањето на помошта, во смисла на член 15 од горенаведениот Закон, при што оцени дека таквата доделена помош **е дозволена** бидејќи има за цел поддршка за вработување на невработени лица кои активно бараат работа во форма на субвеции на плата согласно член 30 од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош, под услов истата да се доделува согласно глава IV од горенаведената уредба.

Извршените измени и дополнувања на Оперативниот план за 2020 година кај **мерката 2.2 Вработување и раст на правни субјекти,** при што финансиските средства од 61.062.500 денари во основниот Оперативен план за 2020 година со септемврискиот ревидиран Оперативен план за 2020 година се зголемени на 72.740.500 денари, како и зголемувањето на опфатот на лицата од 394 на 552 невработени лица, според КЗК не претставува промена на постојната шема на помош согласно член 3 од Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување државна помош како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош бидејќи станува збор за зголемување под 20% од финансиските средства (вкупно за 19,12%), а воедно и според решението на КЗК бр. 10-2 од 22.01.2020 година оваа мерка е оценета дека претставува помош од мало значење (de minimis) согласно член 4 став (1) точка 4) од Законот и член 4 од Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) и истата не е државна помош согласно член 9 од Законот. КЗК укажува на тоа дека доделувањето на помошта од мало значење (de minimis) треба да се врши во согласност со Уредбата за условите и постапката за доделување на помош од мало значење (de minimis) („Службен весник на Република Македонија„ бр. 141/11).

Во септемврискиот ревидиран Оперативен план за 2020 година се воведуваат и две нови мерки и тоа:

Мерката **1А Поддршка за самовработување (претприемништво) и формализација на постојни бизниси во услови на „Ковид-19"** не претставува државна помош во делот на износот од 307.500 денари или до 615.000 денари (доклку се основа правен субјект од два содружника) заради фактот што истата нема односно не може да има влијание врз конкуренцијата и трговијата. Имено со оваа мерка се помагат индивидуалните лица и со тоа не се нарушува конкуренцијата на пазарот.

Како критериуми во мерката е наведено дека со цел конкретно да се помогнат жртвите на „Ковид -19", во процесот на селекција, приоритет ќе биде даден на невработени лица кои ги изгубиле работните места за време на Корона кризата и тоа:

- лица кои работеле во најтешките погодени сектори (преработувачка индустрија, трговија на големо и трговија на мало, објекти за сместување, сервисни дејности со храна, угостителска дејност, туризам, транспорт) и ја изгубиле работата за време на кризата со корона-вирусот (од март 2020 година)
- лица кои се соочиле со пад на приходите и започнале да добиваат гарантирана минимална помош од април 2020 година, согласно податоците од УЈП

- невработени лица кои во текот на процесот на аплицирање изјавиле дека сакаат да го формализираат својот бизнис, а биле значително засегнати од вонредните мерки.

Доколку правниот субјект во рок од 2 години од регистрацијата на правниот субјект престане со својата дејност или на корисникот на грантот му престане работниот однос по кој било основ (освен во случај на неспособност за работа или смрт) во рок од 2 години од засновање на работниот однос основачот/корисникот на грант е должен да врати:

- 80% од грантот, доколку престанокот е во првата година од регистрацијата на правниот субјект или
- 60% од грантот, доколку престанокот е во втората година од регистрацијата на правниот субјект.

Основачот/корисникот на грантот кој ќе престане да ја врши дејноста, не може да се врати на евиденцијата на невработени лица во рок од 3 години од денот на засновање на работниот однос.

Мерката **2.2А Вработување и раст на правни субјекти кои создаваат нови работни места во услови на „Ковид-19"** содржана во септемврискиот ревидиран Оперативен план за 2020 година претставува државна помош заради фактот што истата ги исполнува условите:

Таквата мерка опфаќа трансфер на државни средства заради фактот што средствата се доделени од Буџетот на Министерството за финансии кон АВРСМ

Селективноста на мерката се гледа во фактот што таквата помош е достапна само за претпријатијата кои ќе ги исполнат условите и критериумите на оваа програма т.е. микро, мали и средни претпријатија. Селективноста според КЗК се гледа и во делот на критериуми за работодавачи и тоа:

- да се регистрирани во Република Северна Македонија како правни лица согласно Законот за трговски друштва и регистрирани занаетчии;
- да немаат неплатени даноци и придонеси, освен ако на истите им е одобрено одложено плаќање на даноците и придонесите во согласност со посебните прописи и истите редовно ги плаќа;
- да не се во процес на стечајна постапка или ликвидација.

Предност ќе им се даде на:

- микро и малите претпријатија кои вработуваат најмногу 20 лица;
- друштвата со најмалку 20% пониски приходи остварени во периодот март-август 2020 година, во однос на истиот период 2019 година или во споредба со просечните месечни приходи во 2019 година (вкупни приходи 2019/12). Апликантот мора да ги докаже пониските приходи заради "Ковид-19" кризата).
- работодавачот да има најмалку едно вработено лице на неопределено време

Право на учество во мерката немаат друштвата кои користеле субвенции за плати, субвенционирање на придонеси од задолжително социјално осигурување или

ослободување од данок на Владата за време на вонредната состојба а кои отпуштале работници за време на периодот на задржување или по септември 2020 година, (согласно податоци од УЈП). Овие друштва не можат да бараат грантови за вработување на работници чија плата била субвенционирана за време на вонредната состојба за нивно префрлување на друго работно место во истото друштво а кои го намалиле бројот на вработените од април 2020 година, во споредба со бројот на вработени на 31 март 2020 година, освен во случај на пензионирање или смрт. Последното ги вклучува и работници со скратено работно време, работници на определено време и работниците ангажирани со договор на дело за одреден период.

Мерката поволност за примателот се гледа во фактот што се фаворизираат одредени претпријатија или производство на одредени добра.

Таквата помош иако претставува економска предност за ваков вид претпријатија, сепак истата не може да ја наруши конкуренцијата бидејќи износот на помошта е мал (de minimis).

Во делот на условите и критериумите за реализација на оваа програма се предвидува правниот субјект што вработува невработено лице во рамките на оваа програма да е должен да го вработи лицето со полно работно време и да го задржи во работен однос најмалку 12 месеци, сметано од денот на засновање на работниот однос. Доколку за лицето за кое е обезбедено финансиска поддршка му престане работниот однос по било кој основ, освен во случај на смрт, пензионирање или неспособност на работа, работодавачот е должен во рок од 30 дена на негово место да вработи друго евидентирано невработено лице, во спротивно е должен да го врати износот на средствата сразмерно со преостанатото време до истекот на рокот.

Работодавачот е должен целиот период на предвидената обврска да не го намали вкупниот број на вработените на неопределено време (кој го имал на денот на аплицирање), освен во случај на смрт, пензија или неспособност за работа, во спротивно е должен во рок од 30 дена да вработи друго лице со цел надополнување на бројот, или да го врати износот на средствата сразмерен со нереализираната обврска за намалениот број вработени.

Одредени мерки во ревидираниот Оперативен план за 2020 се во ист износ споредбено со истите мерки во основниот Оперативен план за 2020 година за кој КЗК има донесено решение. Тоа се мерките **3.1. Обука на работното место за познат работодавач**, мерката **3.2 а) Обука за стручни квалификации според барања на работодавачи** и мерката **3.2 б) Стручни обуки според барања на работодавачи**.

Исто така, во ревидираниот Оперативен план за 2020 година кај мерката **2.3. Поддршка за вработување на лица со попреченост** има намалување на износот на средствата споредбено со основниот Оперативен план за 2020 година. Имено во основниот Оперативен план за 2020 година вкупниот износ на средствата за реализација на ова мерка е 286.500.000 денари, наспороти 156.500.000 денари издвоени за реализација на оваа мерка со септемврискиот ревидиран Оперативен план за 2020 година.

Според КЗК горенаведената состојба во ревидираниот Оперативен план за 2020 година во кој кај одредени мерки износот на средствата е ист или е намален споредбено со основниот Оперативен план за 2020 година, не е предмет на оценување од нејзина страна бидејќи не потпаѓа под условите на член 3 од Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известува за доделување на државна помош, како и постапката за

вршење надзор на постојната државна помош односно не претставува промена на постојната шема на помош.

Во доставеното Известување за промена на постојната шема на помош од страна на Министерството за труд и социјална политика е наведено дека новиот буџет за реализација на септемврискиот ревидиран Оперативен план за 2020 година изнесува 1.805.604.260 денари (29.265.060 евра), додека со основниот Оперативен план за 2020 година за кој КЗК донесе решение бр. 10-2 од 22.01.2020 година изнесуваше 1.455.525.256 денари (23.590.360 евра). Според горенаведените податоци од Министерството за труд и социјална политика вкупниот износ на средства за септемврискиот ревидиран Оперативен план за 2020 година е зголемен за 350.079.004 денари или 5.692.341 евра.

Заради горенаведеното Комисијата за заштита на конкуренцијата одлучи како во диспозитивот на оваа решение.

Согласно член 26 став (3) од Законот за контрола на државната помош, тужбата не го одлага извршувањето на решението, освен во случај кога Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе наложи враќање на незаконската или злоупотребената државна помош чие доделување не е дозволено.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**